# МЕДИУМ

весник за сите средношколци

Четврток, 30.11.2017; година V; бр. 34

www.medium.edu.mk


ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА - ВЕРБАЛНО, ФИЗИЧКО, СЕКСУАЛНО, ОНЛАЈН

# Зачестува булингот меѓу учениците




стр.5



ЕЛЕОНОРА ДИМКОВСКА, ЈУНИОРСКА ГИМНАСТИЧАРКА

стр. 6



РАЗГОВАРАВМЕ СО СЕМЕЈСТВОТО НА ЧОВЕКОТ ШТО ГО ПРЕПЛИВА ЛА МАНШ

стр. 3



СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ГИ УСВОИ ЖАЛБИТЕ НА СРЕДНОШКОЛ-ЦИТЕ

стр. 4


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## ВОВЕДНИК



Тамара Ќупева, професорка по македонски јазик и литература во гимназијата „Орце Николов“ - Скопје

# Младите луѓе мора да се описменат медиумски

Фејсбук, Инстаграм, па Снепчет, се најчесто користените социјални мрежи на средношколците. Ретко твитање, уште поретко гледаат телевизија. Единствени омилени телевизиски производи им се игранite серии, музичките содржини и документарните филмови на странските канали. Интернетот е доминантен медиум во нивното секојдневие. Го користат за информирање и за комуникација.

Според последните истражувања, вака накратко изгледа медиумскиот свет на средношколците во Македонија.

Во актуелното, дигитално време, интензивно се менува социјалниот живот на младите и нивниот однос кон стварноста. Медиумите стануваат доминантна форма на образование и воспитание. Во обидот да ги следи овие процеси, училиштето станува најслабата алка во современиот живот на брзи промени.

Учениците се вклучени во нови облици на здружување. Најголем дел од нив се активни членови на десетици социјални групи. Тие се дел од едно глобално општество, една виртуелна групација од мали „општества“ коишто (не)контролирано влијаат на нивната култура.

Лесно достапните информации се највлијателни образовни содржини со кои учениците ги создаваат личните ставови и модели на однесување. Некои од нив им наметнуваат стереотипи, предрасуди кон одредени општествени групи, говор на омраза, нетрпеливост и неприфаќање на различностите.

Основниот проблем е како да се поттикне критичкиот однос кон овие појави.

Формалното образование сè потешко ги следи овие промени. Последните направени реформи на наставните содржини, по предметите во средното образование, се движат во временска рамка од 1999 до 2015 година. Некои наставни програми последен пат се реформирани пред повеќе од петнаесет години. Во време на општа дигитализација на сите сегменти на човековиот живот, медиумската писменост треба да биде основа на образованието на младите луѓе.

Медиумската писменост е составен дел на образовните системи на високоразвиените земји. Искуствата покажуваат дека нејзините содржини ги подготвуваат младите луѓе за активно учество во општествениот живот, и особено во создавањето критички однос кон стварноста. Современите образовни трендови опфаќаат примена на различни типови презентации, видеоматеријали, блогови, социјални мрежни поврзувања и други видови информатичко-технолошки помагала. Начинот на интерпретација на тие содржини е клучот на дефинирање и разбирање на светот во 21 век.

# Дебата во „Орце“: Дали сме зависни од социјалните мрежи?



Дали социјалните мрежи се толку многу навлезени во нашите животи што стануваме зависни од онлајн-присуство? Дали и како тоа се одразува на средношколскиот живот, но и на комуникацијата со луѓето околу нас? За овие прашања дискутираа учениците од скопската гимназија „Орце Николов“ на дебатата „Орце токс“ со професорот по психолошки науки на Институтот за психологија во Скопје - Огнен Спасовски и со студенти по психологија.

Учениците се свесни за новиот ритам на живот, но и отворено се прашуваат за позитивните и негативните последици од истиот. „Сè што правиме на социјалните мрежи е со желба да документираме нешто, но дали тоа го правиме само за да споделиме, или, пак, за луѓето да добијат некаква слика за нас?“ - праша гимназијалката Андријана Пејчиновска, која е и иницијаторка на овој настан.

Идејата е вакви настани во училиштето да се одржуваат еднаш месечно.

**Стефан Митиќ, „Орце Николов“ - Скопје**

# „Карев“ за лица со и без попречувања

Гимназијата „Никола Карев“ на 15 ноември годинава организираше забава за учесниците на меѓународниот фестивал „Игри без маска, театар без дискриминација“. Учесниците на овој фестивал, со и без хендикеп, беа од најразлични градови од Македонија, но и од Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово.

**Иван Стојанов, „Никола Карев“, Скопје**



# Учениците од „В.А. Дрен“ донираа рекордни крвни единици



СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“, во соработка со Црвениот крст на Македонија, организира крводарителска акција за учениците, на која беа собрани 130 крвни единици. Од училиштето информираат дека ова е рекорд помеѓу училиштата во Македонија.



МЕДИУМ
**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Матев Марин **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

РАЗГОВАРАВМЕ СО СЕМЕЈСТВОТО НА ЧОВЕКОТ ШТО ГО ПРЕПЛИВА ЛА МАНШ

# Нико Нестор не пливаше за пари, туку од љубов кон својот народ

Стружанецот Нико Нестор беше пливач, ватерполист, маратонец и сестран учесник на сите спортови во вода. Човекот кој прв го преплива Охридско Езеро по неговата должина, а на 9 септември 1959 година и каналот Ла Манш. Воедно, тој бил и првиот учесник од овие краишта на трката Атлантик Сити - Њу Џерси, која се одржала на американскиот континент. Меѓутоа, цел живот останал аматерски спортист.

Нико Нестор е роден во Струга, на 10 јуни 1934 година, а почина лани. Основното образование го завршува во Охрид, а средното во Фискултурната школа во 1955 година во Скопје.

Разговаравме со сопругата Зорица и синот Ромео. Неговата ќерка живее во Велика Британија.





**Медиум: Кога се роди љубовта кон пливањето кај Нико?**

Семејство Нестор: Уште како дете од 4-5-годишна возраст го привлекуваше водата, а почетоците ги направи во водите на прекрасната река Црн Дрим. Пливачката кариера ја започна во Охрид во далечната 1945-46 година. Во 1947 година, Пливачкиот сојуз на тогашна Југославија организирал едномесечен курс за инструктори по пливање и ватерполо, каде што учествувал и Нико Нестор. Тогаш тренерот Винко Цветковиќ го препознал неговиот неверојатен талент.

По завршување на курсот, за прв пат се формира Македонска репрезентација во пливање и ватерполо и околу 15 репрезентативци заминуваат на државно првенство во Сплит.

**Медиум: Кој беше неговиот прв пливачки успех?**

Семејство Нестор: Нико пливаше на повеќе патеки на првенството во Сплит, но неговиот прв успех, кој е прв во историјата на македонското пливање, е пласманот на Македонец во финале, кога го освои осмото место во Југославија. Тогаш Нико имаше 13 години.

Потоа, во 1948 година, на пионерското првенство во Охрид освои пет шампионски титули во слободен стил, а во различни дисциплини во слободен стил ги поставил сите републички рекорди, кои долго време не биле соборени.

**Медиум: Како дошло до идејата да се одржи првиот Охридски пливачки маратон во Охрид?**

Семејство Нестор: Барајќи нови предизвици, Нико, заситен од пливањето во базен посака да ја плива патеката Горица - Охрид. Раскажуваше како тој ја предложил идејата, а заедно со неколку пливачи решиле да ја испливаат таа патека, во чест на празникот Илинден. Така, на 2 август 1954 година се одржа првиот Охридски пливачки маратон во Охрид. Победник беше Нико Нестор, со време од 42 минути и 20 секунди. Овој маратон страна традиција и оттогаш, па сè до ден-денес масовно се одржува, како интернационален маратон.

По победата на патеката Горица - Охрид, успесите почнале да се нижат на други патеки: Свети Стефан - Охрид, Пештани - Охрид и Свети Наум - Охрид. Се јавила и желба за препливување на патека долга 33 километри, од Свети Наум до Струга, родното место на Нико. Со тоа стана прв пливач што официјално го преплива Охридско Езеро во неговата должина.

**Медиум: Како се решил за подвигот каков што е каналот Ла Манш?**

Семејство Нестор: Тоа беше негов сон. Препливувањето на патеката Свети Наум - Струга претставуваше генерална проба за препливување на најтешката патека во светот - каналот Ла Манш, од Кале, Франција до Довер, Англија.

На 9 септември 1959 година, на полноќ, на ‘ртот Кап Грине, Франција, бил означен стартот од главниот судија. Учествувале Нико Нестор (Македонија - Југославија) во придружба на својот секундант Климент Заров, Мигуел Гонзалес (Мексико) и Рудолфо Родригез (Шпанија).

**Медиум: Какви мисли му се движеле низ главата додека пливал?**

Семејство Нестор: Мислите при пливање многу брзо се менуваат. На почетокот од трката, главно фокусот е на темпото и ритамот. Меѓутоа, како што времето поминува мислите добиваат друг тек и се прави една ретроспекција на животот и се анализира. Важно е да се истакне дека Нико пливал во многу студена вода, со големи струења од водата. На целта стигнал по 12 часа и 6 минути.

**Медиум: Англиските медиуми го опишале како човек „од зад железната завеса“. Што значело тоа? Како влијаела популарноста на Нико?**

Семејство Нестор: Во англискиот печат Нико беше претставен како: „прв човек од комунистичките земји што го преплива Ла Манш“. Ако ја вброиме и Кина во комунистички земји, тоа значи дека од милијарда луѓе нашиот Нико е прв човек што го преплива каналот Ла Манш.

Нико беше доста скромен човек. Постигнатиот успех и популарноста беа од огромно значење за него, но никогаш не го променија како личност, затоа што тој веруваше во искреноста како главна одлика на секој човек.

**Медиум: Каков бил пречекот во родната Струга, по еден таков историски подвиг?**

Семејство Нестор: Беа дојдени луѓе од сите страни на Македонија да го видат и да му посакаат добредојде. Тоа беше кралски пречек, незапаметен. Народот, извикувајќи: „Нико, Нико, Нико!!!“ го крена на раце и до хотелот „Палас“ во Охрид го движеше низ шпалир на симпатизери.

**Медиум: Зошто и покрај безбројните домашни и меѓународни успеси тој останал аматер, иако имал шанса да стане професионален пливач?**

Семејство Нестор: Нико никогаш не пливаше за пари, љубовта кон спортот и кон пливањето не му го дозволуваа тоа. Тој гледаше на пливањето како активност која поинаку го гради и го развива човековиот дух. Тој пливаше за својот народ, а народот знаеше да го цени тоа.

Стефан Митиќ,
СУГС „Орце Николов“ - Скопје



КАДЕ БЕВМЕ?

ОБУКИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО СКОПЈЕ, ВЕЛЕС И ВО ТЕТОВО

# Младите се бомбардирани од лажни вести и пропаганда



Фото: РАДИО МОФ



Со цел издигање на свеста кај младите за медиумска писменост и поинаков пристап кон информациите кои ги добиваат од Интернет, во рамките на проектот „Младинска медиумска писменост“, преку разни активности се работеше на подигнување на нивното критичко размислување. Активностите беа во рамките на Коалиција за медиумска писменост, што ја спроведува Високата школа за новинарство и односи со јавноста, во партнерство со „Нова Македонија“ и Институтот за различности во медиумите од Лондон. Коалицијата ја сочинуваат осум граѓански организации и осум медиуми, а е поддржана од ЕУ.

Проектот опфати вкупно три викенд-обуки за млади луѓе во Скопје, Велес и во Тетово. На 7 и 8 октомври се одржа една обука во Скопје, а гостинка-предавач беше Александра Теменугова од Високата школа за новинарство и односи со јавност.

Потребата од медиумска писменост кај младите е наметната од порастот на лажните вести и пропагандата, кои со тоа постојано се изложени на низа манипулативни содржини.

Оттука, Националниот младински совет на Македонија и Радио МОФ го работат овој проект во рамките на Коалицијата за медиумска писменост, иницирана од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста.

## Советот за етика ги усвои жалбите на средношколците

Во текот на трите обуки за медиумска писменост со средношколци во Скопје, Велес и Тетово, една од активностите беше учесниците да пронајдат неетички текстови во кои не се запазени професионалните новинарски стандарди. Потоа беа поднесени и седум претставки/жалби до Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ).

По однос на жалбите од средношколците, кои се однесуваа на седум различни теми, ова тело утврди дека кодексот на новинари е прекршен по различни основи, при што е утврдено дезинформирање на јавноста, пристрасност во информирањето, непотврдени податоци или сензационалистички наслови. Одговорите на претставките може да се погледнат на интернет-страницата на СЕММ во делот „Одлуки“.

ДО ПОИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО ПРЕКУ ЕРАЗМУС +

# Младите треба да градат толерантни општества

Средношколките Невена Кимова од „Никола Карев“ од Скопје и Тамара Тодевска од „Кочо Рацин“ од Свети Николе беа најмладите учеснички на еднонеделната обука што на почетокот на ноември ја организираше Волонтерскиот центар од Скопје во рамките на Еразмус + проектот „Медиумска писменост: чекор кон инклузивно општество“. На обуката учествуваа 29 претставници од осум земји (Македонија, Данска, Бугарија, Грција, Летонија, Шпанија, Словачка и Италија) со цел преку дискусија и употреба на новите медиуми да се постигне поголема толеранција кон културните различности во Европа, но и да се развие критички однос кон медиумските содржини.

Учесниците, чии професии беа новинарство, социјална и младинска работа, ги пренесоа искуствата од своите средини и дискутираа за моќта на медиумите во создавање или искривување на реалноста како последица на силното влијание што мигрантската криза го има врз европските држави.

Преку обуката ќе се придонесе за функционирање на мултиетничките општества во Европа, како и зголемување и подобрување на квалитетот за активностите поврзани со мигрантите и нивна инклузија во општеството.

Обуката во Струга следува по октомвриската конференција за медиумска писменост што партнерите на Еразмус + во овој проект ја организираа во Архус, Данска.



„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА - ВЕРБАЛНО, ФИЗИЧКО, СЕКСУАЛНО, ОНЛАЈН

# Зачестува булингот меѓу учениците



Околу 30 отсто од учениците биле изложени на секаков вид врсничко насилство, а 50 отсто биле сведоци на малтретирање на нивни соученици, покажале резултатите од анкетата во рамките на иницијативата „Стоп на булингот во училиштата“, која три студентки ја спроведоа во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје.

Врсничкото насилство или т.н. булинг (анг. bullying) се јавува во различни форми и е секојдневие како во средните, така и во основните училишта. Навреди, омаловажување, потсмев, пцости, но и клоци, удари, лесни телесни повреди се само дел од сведоштвата на учениците кои поминале низ овој пекол од свои соученици. Ретко се говори јавно за лошите искуства, а уште поголем проблем е што учениците тешко го препознаваат овој вид насилство, кое може да биде вербално или психичко, физичко, сексуално, но и сајбер-булинг, односно онлајн-малтретирање на врсници. Непрепознавањето на насилството води кон депресија, анксиозност на жртвите, што може да се прелее и по завршувањето на средното образование. Младите истражувачки како клучен проблем го гледаат отсуството на механизми за одбрана.

- Речиси три четвртини од анкетираните изјавија дека знаат како да се справат со вербално или физичко насилство, но 30 отсто од нив сметаат дека решение е физичко насилство како одговор, враќање со иста мера и игнорирање - објасни Симона Стојчевска (22), една од предводничките на волонтерската иницијативата „Стоп за булингот во училиштата“. Симона заедно со своите колешки-студентки на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) - Тијана Радиќ (21) и Марина Ѓоргиева (21) се здружиле и ја почнале оваа иницијатива со цел поголема едукација на учениците во врска со овој сериозен проблем. Тие неодамна организирале и јавен настан во три средни училишта „Георги Димитров“, „Никола Карев“ и „Орце Николов“ под мотото „Булинг, не повеќе“, на кој учествувале седумдесетина ученици, како и психолози и од невладината организација ХЕРА, со кои дискутирале и за сексуалното насилство.

- Иницијативата е дел од предметот „Медиуми и комуникации“, кој е наш предмет по слободен избор. Според концептот, првиот дел опфати изработка на нацрт-план за иницијативата, а вториот дел е нејзино спроведување. Нашата цел е издигање на свеста, градење механизам и систем за превенција од секој вид насилство во училиштата - објаснија трите студентки.

Според сознанијата, но и од раскажаните искуства од ученици, во основните училишта е поприсутно физичкото насилство, а во средните психичкото, односно вербалното.

- Имаме разни искуства од жртви, вознемирувани од ученици со потсмев за изгледот, облекувањето, но и измислување на погрдни прекари. Сето тоа продолжило и на екскурзија, кога соучениците продолжиле да ја вознемируваат жртвата со песни во кои го вметнуваат нејзиниот погрден прекар. Жртвата се чувствува засрамено, исплашено, ја губи самодовербата, довербата во луѓето, се повлекува - раскажуваат девојките.

Трите студентки ќе ја прошират оваа иницијатива и во други средни училишта во Скопје. Нивната порака до жртвите е да не премолчуваат насилство од своите соученици во кој било облик, да побараат помош, а оние кои се сведоци да бидат солидарни со жртвите, да им помогнат и да го кренат гласот против булингот.




## СЕКСУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ЕДНО ОД РЕШЕНИЈАТА

Сексуалното вознемирување е поретко, но има примери кога и покрај пријавите од жртвите, насилството не само што било нерешено, туку и продолжило. По преживеаните искуства, и завршувањето на училиштето, последиците не престануваат по жртвата. Напротив, таа се чувствува идентично како претходно, продолжува да нема доверба во себе и во пријателите, се сомнева дури и во нивната добронамерност, водена од претходните лоши искуства. Продолжува да мисли дека сите ѝ се потсмеваат. Дури и мисли дека го заслужува сето тоа, едноставно доколку не го препознае насилството или не го надмине, ќе развие комплекс на пониска вредност. Други жртви, пак, се агресивни, вознемирени, со нарушено психичко здравје и постои опасност од жртви, во иднина, самите да станат насилници.

Иницијаторките сметаат дека е потребно воведување сексуално образование во училиштата со цел спречување на оваа појава. Потребно е посистематски да се работи на препознавање на појавата, поголема промоција на функцијата психолог-педагог во училиштата и запознавање на учениците со нив и со нивната работа. Неопходна е и вонучилишна соработка со поединци, стручни лица, со организации, образовни институции.

Следниот настан го планираат за в година, во неколку други скопски училишта.

## Пријавете кај професорите, директорите, психолозите

Едно американско истражување покажало дека дури над 20 отсто од учениците од основно, па сè до средно училиште биле жртви на врсничко насилство т.е. булинг. Започнува во училниците или во ходниците, а продолжува на Интернет. Агресивното однесување од други деца остава трајни последници кај жртвите. Има три типа булинг: вербален - кој се карактеризира со навреди, потсмев, непристојни коментари, социјален - кој опфаќа нарушување на нечиј углед во очите на преостанатите деца со лаги и така жртвата е отфрлена од друштво, како и физички - кој опфаќа исто такво насилство.

Која било форма на ваков вид насилство жртвите треба да го пријават кај своите наставници, професори, директори, психолози. Вработените се должни да му помогнат на ученикот и да ги информираат родителите, а во исто време и родителите на насилникот.

ЕЛЕОНОРА ДИМКОВСКА, ЈУНИОРСКА ГИМНАСТИЧАРКА

# Битолчанка што ниже златни медали





Повеќекратната добитничка на златен медал во гимнастика на државно ниво, во јуниорки, Елеонора Димковска, е ученичка во прва година во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Битола. Иако е млада, а во гимназијата почетник и пред неа се многу предизвици, тоа сепак не може да се рече кога се во прашање гимнастичките сали.

Досега учествувала на сите почетни и завршни државни натпревари на кои има освојувано најмногу златни, како и сребрени и бронзени медали. Исто така настапувала на Купот на Македонија во гимнастика, на летните натпревари „Повеќе бои“, што се одржуваат во Охрид, како и на интернационалните натпревари во Нови Сад, Србија и во Благоевград, Бугарија. На последниот двомеч-натпревар во гимнастика меѓу Македонија и Хрватска, што се одржа во октомври, Елеонора го освои златниот медал. Од 2015 до денес, само во гимнастичките натпревари во Бугарија, таа има освоено девет медали. Елеонора својата љубов кон гимнастиката ја покажала на петгодишна возраст, кога и започнала да се занимава со овој спорт. Љубовта кон гимнастиката била предизвикана од нејзина повозрасна другарка, а безрезервна поддршка за нејзината определба добила од нејзините родители, кои до ден-денес ја следат на секое нејзино патување. Сепак, успехот не доаѓа сам по себе. Гимнастичарката Елеонора вежба напорно, пет пати неделно, во друштвото за гимнастички спортови „Партизан“ во Битола, со повеќе тренери. Нејзината порака до младите е дека спортот е одлично и навистина полезно хоби кое не смее да се одбегнува и дека никогаш не е доцна да се започне со она што се сака.

На нејзиниот профил на Фејсбук може да се видат фотографии и видеа од нејзините настапи, многубројните медали, а и да се прочита како за себе вели дека „нејзините успеси во основата ги имаат нејзините порази“. Исто така и дека освен што е успешна во гимнастиката, сепак е тинејџерка која обожава убаво да се облекува, да се дружи со своите врсници, а и да слуша убава музика.

Леонид Сајков, СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола

# Штипјани освоија прво место на „Гет ин д ринг“



На меѓународниот натпревар „Гет ин д ринг“, пет штипски средношколци го освоија првото место со сопствена апликација и сега ќе се борат за еден милион евра во Брисел. На меѓународниот натпревар победија во конкуренција од 27 врвни старт-ап бизнис идеи. Апликацијата, која ја презентирале пред 12 потенцијални инвеститори, е маска за телефон, наменета за лицата со Рејнаудов синдром, поточно луѓе со слаба циркулација во рацете. Маската е таа која ќе ги загрева и лади рацете. Средношколците објаснија дека апликацијата ја работеле еден месец и половина, а натпреварот на кој победиле бил за почетнички бизниси. Поради добрата апликација биле поместени на повисоко ниво и освоиле прво место во категоријата електронско здравство. Планот на младите штипјани е прво да најдат инвеститори за да произведат прототипи, со цел да осознаат дали и на каков одѕив ќе наиде иновацијата кај публиката во Македонија.

Натпреварот во Брисел ќе се одржи во март следната година, а трошоците за авионски билети се покриени од гимназијата „Славчо Стојменски“.

Фото: Херојот од мојата улица - Матуранти

## Пороците ги демнат тинејџерите од секој агол



Тинејџери се млади луѓе кои не се доволно млади за да бидат деца, ниту доволно созреани за да бидат возрасни. Тоа е оној преоден период во животот кога не знаеш кој си, ниту, пак, знаеш што сакаш да си. Време кога ти се измешани и мислите и чувствата. Кога не знаеш што да правиш со себе, како да се однесуваш... И покрај тоа, од секаде слушаме дека тинејџерските години се најубавиот период од животот. И можеби е така.

Јас имам 15 години и сум дел од оваа група луѓе кои го живеат „најубавиот период од животот“. Но дали овој период е навистина толку прекрасен? Јас не мислам така, бидејќи ова е еден од најопасните периоди од нашиот живот. Сега сме најбунтовни, сакаме секогаш да бидеме во право, да пробаме нови работи, ги прифаќаме сите предизвици кои ќе ни се испречат на патот. Но дали тие предизвици секогаш ќе ни донесат победа? Некогаш без размислување се впуштаме во некои многу лоши авантури, кои нема да ни донесат убави спомени, а некогаш можат да бидат и фатални за нас и за нашата иднина.

Во овој 21 век, опасностите за младите луѓе демнат од сите страни. Дрога, алкохол, цигари, се едни од најголемите пороци на кои младите се потчинуваат. Некогаш тоа го прават за да се вклопат полесно во друштвото, да имаат поголем круг на пријатели, но дали тоа е правилно, дали подоцна нема да се плати скапо? Никој од нас не размислува за последиците, сите трчаме без размислување кон непознатото, љубопитни сме. Тоа се добри особини, но кога се работи за пороците не е така. Алкохолот, цигарите, дрогата се опасни пороци. Дрогата, како најопасен порок, целосно го уништува човекот, и не само него, туку и целата околина, родителите, пријателите... Дрогата навлегува во организмот и предизвикува зависност.

Во врска со овој проблем на денешницата има голем број предавања во училиштата, на телевизија, на Интернет, сè со цел да ја превенираат употребата на наркотици. Но на истите овие места и дилерите ги поставуваат своите замки. Најчесто преку Интернет се поврзуваат со потенцијалната жртва, кажуваат дека нема ништо лошо еднаш да се проба. Но секогаш треба да се има на ум дека и еднаш е доволно за да си го уништиме животот.

Ова не значи дека не треба да се дружиме со децата кои консумираат алкохол, цигари или дрога, напротив, треба да се обидеме да ги опомeнеме на сите опасности на кои се изложени, да ги посоветуваме да се откажат, бидејќи за тоа служат пријателите. Најдобро е пред да се обидеме да направиме нешто со кое не сме доволно запознаени, да се консултираме со некои наши пријатели, со некој повозрасен, со родителите, професорите, со кој било од кого можеме да добиеме совет. Исто како што љубовта се зголемува кога ја делиме, така и проблемите се намалуваат кога ги споделуваме.

**Сара Стојановска,**
**Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Битола**

## Да се биде средношколец во Кратово



Речиси секој средношколец посакува да живее, учи и излегува во поголем град, во град со поголем број можности. Младите што живеат во поголеми градови многу полесно може да се докажат, да творат и да ги реализираат своите афинитети на спортски, литературен или културен план. Учениците во мојот град Кратово имаат можност да тренираат фудбал, кошарка, ракомет, карате или кик-бокс, но не сите средношколци имаат желба за овие спортови. Оние кои имаат интерес за други активности, како што се тенисот, глумата, музиката, уметноста, технички вештини, се принудени да заминат да учат во друг град, каде што тоа ќе им биде овозможено. Или, пак, да заборават на своите желби.

Што се однесува до ноќниот живот во мојот град, тој е доста сиромашен. Ја немаме можноста да одиме во кино и да го гледаме најновиот филмски хит, да одиме во театар или во парк. Токму поради овие недостатоци, младите најчесто одат во неколкуте кафулиња, забавувајќи се со невкусна турбофолк музика. Не може да се каже дека самата младина е виновна за ова, но за жал, тоа е единственото нешто кое ни се нуди.

Од друга страна, гимназијата во Кратово мошне добро функционира. Професорите имаат одлично познавање од предметите што ги предаваат, одлично умеат да го пренесат своето знаење и секогаш имаат добри совети кога имаме одреден проблем. Училниците се добро опремени, хемиската лабораторија е снабдена со потребните хемиски супстанции и прибор. Библиотеките во градот содржат безброј книги од најразлични тематики и автори. Градската библиотека се вбројува меѓу најдобрите во државава. Во неа има книги кои тешко се наоѓаат дури и во поголемите градови. Познатиот етнолог Клод Леви Строс ја застапувал мислата дека ниту едно општество не е совршено. Па така, позитивниот дел од живеењето во Кратово како средношколец се безбедноста и блискоста меѓу луѓето. Поради малиот број возила, учениците побрзо стигнуваат во училиште, а исто така и сообраќајните незгоди се многу ретки. Убиствата и кражбите се неминовна појава во поголемите градови, а во Кратово се многу ретки. Самиот град е богат со разновидна флора и се наоѓа во еколошки здрава средина, што создава услови за водење здрав живот. Кога ќе се стават на вага сите предности и недостатоци на живеењето во мало место, заклучокот што се наметнува е дека каде и да живееме, треба да го цениме она што го имаме.

**Даниел Смиљков, СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово**

## Да не бидеме робови на брендови и на монети



Робови на материјалното. Робови на амбалажата. Робови на логоа. Тоа сме ние денес. Поданици на етикети, зависници од брендови, квантитет, а не квалитет. Плитки суштества на кои очите им светат само кога сјајот е отсликан како долар. Млади, кои наместо стремеж кон безгранично заедништво сами создаваат јазови, граници пресликани во банкноти.

Во што се претвораме? Во што еволуираме? Небаре имаме програмирани чипови за одредување колку од дофатливото ни припаѓа. И според тоа, каде припаѓаме, на што, со кого припаѓаме? Не, не чипови. Монети. Ние работиме на пари. За пари. По пари. По парче хартија или метал за чие поседување би се изгубиле и себеси. Сè се сведува на призма на лотарија. И не е тоа најстрашното. Секој секого го перципира во огледало на вредност, на богатство, на златни плочки, на седмици.

Запознавањето со нова личност е само пресметка на бруто и нето, добивка од чинот на познавање и сложена калкулација зошто и колку е истата исплатлива. Секој збор е плус или минус на нечија банкарска сметка. Целиот живот – совршен билтен на поседување луксуз. Луксуз изграден низ скапи креации на облека, ентериер, екстериер и придружни додатоци. И луксуз нeретко изграден врз човечки животи. Аман, сопрете. Мислам дека е доста. Да престанеме. Зарем ја губиме свеста? Не гледате ли? Сите ние сме само парчиња месо и купишта коски кои шетаат наоколу како некаква споена целина. Сите ние сме исто. Идентични.

Зошто дозволуваме декорот што го имаме врз нашите кожи и декорот што можеме да го допреме со нашите сетила да прави да заборавиме дека пред сè, единственото нешто што сме е - луѓе. Наместо целата варијација од можности кои ни ги нуди техниката и развојот на 21 век да ги користиме кон обединување, ние ги користиме за разнебитување. Се делиме и се натпреваруваме. Ја шириме јавно пропагандата на поседување. На украс. Украс на што? На она што порано или подоцна ќе гние со црвите, она на кое порано или подоцна ништо и никој нема да се сеќава. Но секој ќе го памети создадениот раздор. Ако продолжиме вака, ќе стане терк на живеење чии последици ќе бидат безмилосни. Терк кој ќе создаде свет на поседувачи и поседувани. Лажно среќни и несреќни. Терк кој ќе направи вистинската среќа да исчезне.

**Матеја Тричковска, СОУ „Кочо Рацин“ - Свети Николе**

ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во „Орце Николов“



Во средното училиште „Орце Николов“ во Скопје вчера се одржа медиумска работилница организирана од Високата школа за новинарство и односи со јавноста и весникот „Нова Македонија“. На работилницата учествуваа четириесетина ученици од гимназијата, кои пројавија посебен интерес за етиката и моралот во медиумите и во новинарската професија, како и за заштитата на граѓанските права при објавување вести. Александра Теменугова од Високата школа укажа на важноста од медиумски писмена публика во општеството и нејзината поврзаност со демократијата и севкупниот напредок. На работилницата, освен што се вежбаа пишување вести и нивна анализа, стана збор и за лажните вести како феномен од најново време. Учениците, со дневниот весник „Нова Македонија“ и со весникот „Медиум“ пред себе анализираа и коментираа вести, наслови, извештаи, како и фотографии, што дополнително разјасни дел од дилемите за тоа како функционира еден медиум.

Медиумската работилница се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, при што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“ секој месец ги посетуваат училиштата низ Македонија, држејќи предавања за новинарство и за медиуми. Реализацијата на целиот проект е овозможена со поддршка на Европската Унија. Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

### Децата и младите како извори на информации и соработници

1. Децата имаат достоинство и права и тие мора да се почитуваат во сите околности. Новинарите треба особено да внимаваат на правото на приватност и доверливост.
2. Промовирањето на правата на децата треба да биде приоритет на новинарите.
3. Не откривај лични информации без согласност од семејството.
4. Учеството во медиумски содржини мора да биде доброволно и со твоја согласност. Медиумот мора да ја почитува твојата одлука за одбивање учество.
5. Новинарите не смеат да идентификуваат деца под 16 години кои се жртви или сведоци на сексуално насилство, дури и со дозвола од родител или старател.
6.Новинарите не треба да објавуваат сторија или фотографија која може децата, нивни браќа или сестри или врсници да ги стави во ризична ситуација, дури и кога се менува нивниот идентитет и се заматуваат лицата.



## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

www.comicscenter.mk

Автор: Софронија Шарламанов, гимназија „Јане Сандански“ - Струмица

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за најдобар млад преведувач „Вавилон 2018“

Делегацијата на Европската Унија во соработка со Здружението на преведувачи (ЗПРМ) ги повикува сите млади преведувачи да учествуваат на конкурсот за најдобар млад преведувач „Вавилон 2018“. Конкурсот е отворен за млади преведувачи не постари од 26 години, а пријавените текстови мора да бидат преводи на (извадоци од) литературни дела: роман, новела, расказ или документарна проза, на кој било од 24-те службени јазици на Европската Унија.

Ќе бидат доделени награди за секој од јазиците на кои ќе пристигнат пријави, кои ќе се состојат од: студиски престој поврзан со превод, годишно членство во Здружението на преведувачи и толкувачи (ЗПРМ) и објавување на преводот, во целост или делумно, во списанието „Културен живот“. Пријавувањето трае до 2 април 2018 година. Повеќе информации на следниот линк: http://euic.mk/vesti-i-novosti-ns_article-konkurs-za-najdobar-mlad-preveduvac-vavilon-2018.nspx.

### Средношколски натпревар „Оушн аваренес 2018“

Програмата „Боу сеат оушн аваренес“ ги поканува сите средношколци да учествуваат со свои медиумски производи на тема „Загадување на океаните“, со предизвици и решенија во рамките на средношколскиот натпревар „Оушн аваренес 2018“. Медиумските производи треба да ја поттикнат публиката да размислува за влијанието на климатските промени врз океаните, да дадат идеи за можни решенија и да влијаат на издигнување на свеста за глобалното затоплување. На натпреварот со свој медиумски производ може да учествуваат групи и поединци. Првопласираниот ќе добие парична награда во износ од 1.000 долари, втопласираниот 750 долари, а третопласираниот 250 долари. Пријавувањето за конкурсот трае до 18 јуни 2018. Повеќе информации на линкот: http://www.fromthebowseat.org/contest.php#-rul.

### Меѓународен натпревар за најдобра фотографија „Сони 2018“

Компанијата за електроника „Сони“ ги повикува сите млади фотографи на возраст до 19 години да учествуваат со своја фотографија на тема „Твојата околина“, на годинашниот Светски натпревар за најдобра фотографија. Фотографијата може да прикаже културна или верска прослава, некој проблем, посебен семеен момент или пејзаж. На победникот ќе му бидат покриени трошоците за пат и сместување во Лондон за време на доделувањето на наградите и ќе добие дигитална опрема за фотографирање „Сони“.

Пријавувањето за конкурсот трае до 4 јануари 2018 година. Повеќе информации на: https://www.worldphoto.org/sony-world-photography-awards/2018/youth.